Одделот за граѓански дела при Врховниот суд на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 04.11.2019 година, го усвои следното:

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Стопански спор во смисла на одредбите од Законот за парничната постапка е спор кој произлегува од меѓусебните стопански односи помеѓу правните лица, државните органи, имателите на дуќани и другите поединци кои во вид на регистрирано занимање вршат некоја стопанска дејност.**

О б р а з л о ж е н и е

Поимот стопански спор со Законот за парничната постапка не е определен во материјално-правна смисла, така што ќе се дефинира од кои правни односи произлегуваат стопанските спорови. Наместо тоа, со Законот за парничната постапка поимот стопански спор се определува во процесно-правна смисла со користење на неколку критериуми: каузален критериум (ratione causae),и комбинација на персоналниот и каузалниот критериум (ratione persone et causae).”

Во член 31 од Законот за судовите од 2006 година, предвидено е дека основните судови со проширена надлежност покрај надлежноста утврдена во членот 30 од тој закон за подрачјата за кои се основани се надлежни да одлучуваат во трговски спорови во кои двете странки се правни лица или државни органи, како и спорови од авторски и други сродни права и права од индустриска сопственост. Во оваа одредба, според мислењето на Одделот за граѓански дела при Врховниот суд на Република Северна Македонија, при определувањето на видот на спорот, од аспект на надлежноста на судот, тежиштето се става на видот на спорот (трговски....) и својството на странките (правни лица или државни органи).

Поимот на стопански спор ќе се утврдува и преку толкување на член 4 од Законот за трговските друштва, каде се наведени дејностите кои се сметаат за трговски, како и член 17 од Законот за облигационите односи, во кој се дефинирани трговските договори.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ**